Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 мај 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Извршител Александра Заринска Дуровска со бр. УП2 09-173/24 од 29 март 2024 година против:
   - Фактура за топлинска енергија бр. 2137500 12 23 8 од 31 декември 2023 година за месец 12/2023, од ЕСМ Снабдување со топлина и
   - Фактура за топлинска енергија бр. 2137500 01 24 7 од 31 јануари 2024 година за месец 01/2024, од ЕСМ Снабдување со топлина,

   СЕ ОДБИВА.
2. 
   - Фактурата за топлинска енергија бр. 2137500 12 23 8 од 31 декември 2023 година за месец 12/2023, од ЕСМ Снабдување со топлина и
   - Фактурата за топлинска енергија бр. 2137500 01 24 7 од 31 јануари 2024 година за месец 01/2024, од ЕСМ Снабдување со топлина,

   СЕ ПОТВРДУВААТ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Извршител Александра Заринска Дуровска до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-173/24 од 29 март 2024 година против:
- Фактура за топлинска енергија бр. 2137500 12 23 8 од 31 декември 2023 година за месец 12/2023, од ЕСМ Снабдување со топлина и
- Фактура за топлинска енергија бр. 2137500 01 24 7 од 31 јануари 2024 година за месец 01/2024, од ЕСМ Снабдување со топлина.

Именуваната до ЕСМ Снабдување со топлина поднела Приговор против висина на фактурите за топлинска енергија за месец декември/2023 и јануари/2024 за објект на Народен Фронт, бр.13-2/10, заведен во архивата на ЕСМ Снабдување со топлина под арх. бр.03-679 од 05.03.2024 година. Во претходна комуникација ЕСМ Снабдување со топлина до Извршител Александра Заринска Дуровска

доставило Одговор на барање бр.03-351 од 04.03.2024 година со кој ја информираат именуваната за начинот на контрола на испорака на топлинска енергија, како и дека од страна на стручни екипи ќе бидат спроведени дополнителни контроли на мерилото, топлинската станица и објектот со цел да се детектираат дополнителни можни причини кои имаат влијание на висината на потрошувачката на топлинска енергија.

На 30 април 2024 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Фактура за топлинска енергија бр. 2137500 12 23 8 од 31 декември 2023 година за месец 12/2023, од ЕСМ Снабдување со топлина,
- Фактура за топлинска енергија бр. 2137500 01 24 7 од 31 јануари 2024 година за месец 01/2024, од ЕСМ Снабдување со топлина,
- Приговор до ЕСМ Снабдување со топлина заведен во архивата на ЕСМ Снабдување со топлина под арх. бр.03-679 од 05.03.2024 година,
- Одговор на барање од ЕСМ Снабдување со топлина бр.03-351 од 04.03.2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека истиот не е комплетен, односно дека е потребно од ЕСМ Снабдување со топлина да се побараат дополнителни информации.

Од страна на ЕСМ Снабдување со топлина на 30 април 2024 година дополнително беа доставени следните докази:

-Барање за промена на статус на станот, заведен во архивата на ЕСМ Снабдување со топлина под бр. 03-776 од 15.03.2024 година и

- Одговор на барање бр.03-866 од 22.03.2024 година.

Во одговорот на барањето е наведено дека бараната промена од категорија на потрошувач останати во домаќинства ќе биде направена од 01.03.2024 година.

На 23 мај 2024 година повторно беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата повторно се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот.

При направениот увид во приложените докази, од страна на Комисијата за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива беше констатирано дека е направена промена на категоријата на потрошувач и истиот има добиено статус на домаќинство. Поради промена од категорија останати во категорија домаќинства, надоместокот за топлинска енергија се распределува врз основа на грејната површина.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–173/24**
**27 мај 2024 година**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**